# ДОПИСЕН КУРС

## Лекција 18

## ХРИСТИЈАНСКИ СЛЕДБЕНИЦИ (4) - ОДНОСОТ КОН НАШАТА ОКОЛИНА

Исус Христос ни́ кажува дека сето негово учење може да биде кажано во две заповеди: "Сакај го Бог" и "Сакај го ближниот свој". (Матеј 22 : 34-40)

Тој исто така рекол, "Во се́, правете им го на другите она кое вие сакате да ви го прават тие вам" (Матеј 7:12) Апостолот Јован напишал, "Секој еден кој не го сака својот брат кој што го видел, не може да го сака Бог, кого не го видел . . . Секој еден кој го сака Бог мора исто така да го сака својот брат." (1 Јован 4:20,21).

Гледаме дека тестот за Христијанските следбеници е дали ние ги сакаме тие околу нас. Има различни видови на љубов. Сексуална љубов, љубовта за пријателите и љубовта за фамилијата се дел од нашата нормална човечка природа. Тие се нешто природно за нас. Исто така е природно да се сакаме самите себе си; немаме потешткотии да се грижиме за нашите сопствени потреби, и да сме загрижени за нашата благосостојба. Ова е пример за Христијанска љубов: Да се сака како Христијанин е да се сакаат другите, дури и да не се привлечни или убави, на ист начин нако што се сакаме себе си. Идеата е едноставна, но да се прави не е толку лесно. тоа значи да се оди против нашиот природен инстинкт, а тоа е на прво место да се стават нашите потреби, пред потребите од другите. "Никој не треба да го бара своето сопствено добро, туку доброто на другите." (1 Коринтјаните 10:24)

Не само што треба да имаме сочувство и грижа за другите, ние мора да бидеме верни, чесни и со искрени мисли во однесувањето кон другите ако посакуваме да му бидеме угодни на Бог; но има ситуации во животот кога не е лесно да се најде начин ова да се примени во пракса. На пример, кога го разгледувавме бракот, забележавме дека Апостолот Павле не́ советува да не бидеме вовлечени во партнерски односи со оние кои не ја споделуваат нашата вера. Но овој совет е исто така вистинит за сите договори кои ги правиме со другите луѓе. Не смееме да се приклучуваме кон други кои не гледаат ништо лошо во правењето на нешта кои не му се угодни на Бог.

### Деловно партнерство

Во деловното партнерство, едниот партнер може да биде загрижен само за успех и профит, додека другиот можеби ќе сака да делува врз Христијанските принципи. Да се биде колку што е можно поуспешен во работата значи да се биде суров со тие кои што имаат пари, или да се намали бројот на вработените со отпуштање на некои од нив кои не можат добро да работат заради болест или лични проблеми. Во ваква ситуација, партнерот Христијанин може да се одлучи да покаже сочувство, на свесна загуба на дел од профитот.

Во многу деловни работења има нечесно работење, и работите можат да бидат направени само за да се осигураат договори, на пример, со што Христијанин не може да се согласи, нешто кое не предизвикува грижа на совест кај партнер неверник.

Деловното партнерство на вакви основи не е основа за Христијанин и тој треба да биде многу внимателен за да открие што вклучува "партнерството" пред да ѝ се посвети на та работа.

## Синдикати и професионални здруженија

Друга форма на партнерство која понекогаш нѝ е понудена или нѝе побарано да се приклучиме е синдикат. Синдикатите, професионалните здруженија или други слични организации општо земено постојат за да вршат влијание во име на нивните членови заради подобри работни услови, зголемување на платата, и поголемо влијание во индустријата. Нивната моќ се заснова на повлекување на нивната работна сила или со "штрајк". Христијанин не е во ситуација да заплашува или принудува други заради било кои причини, и не може да се согласи со такви дејствија. Точно е дека синдикатите исто така прават многу добри нешта за обезбедување на благосостојба, обезбедуваат безбедни работни места, и дека многу работодавачи сакаат нивните работници да се членови на синдикатите. Невозможно е предвреме да се суди за секој случај поединечно, но Христијанинот мора да биде свесен на што се препушта, и да делува според својат совест.

## Државата

Апостолот Петар ги поставил правилата кои го одредуваат нашето однесување кон државата во која живееме:

*"Бидете ѝ покорни во името на Господ на секоја човечка институција, дали е тоа Император како врховна власт, или на управители испратени од него да ги казнат тие кои прават нешто погрешно и да ги воздигнуваат оние кои постапуваат правилно . . . живејте како слуги од Бог. Почитувај ги сите луѓе. Сакајте го братството. Плашете се од Бог. Оддавајте му почит на Императорот."* (1 Петар 2:13-17)

Апостолот Павле е подеднакво јасен:

*Заради тоа секој мора да им се потчинува (на властите), не само да го избегнува гневот од Бог, туку исто така заради совеста. Заради истата причина плаќајте ги даноците, затоа што властите се работници од Бог и го работат тоа постојано. Плаќајте ги сите долгови . . ."* (Римјаните 13:5-7)

Исус лично живеел во земја која била управувана од странци; Римјаните биле управителите. Многу Евреи сакале да се бунтуваат и борат за да ја ослободат земјата, но Исус никогаш не ги охрабрувал. Тој го прифатил управувањето од Рим, без разлика на тоа што било тешко. Кога бил предизвикан да зборува за плаќањето на даноците на Рим, тој побарал метална паричка, и рекол, "Чиј лик е ова" "На Цезар" му одговориле. "Тогаш" рекол Исус, "Дајте му го на Цезар што е од Цезар, а на Бог тоа што е од Бог." (Матеј 22:17-22)

Исус не дошол за да го направи животот на Еврејскиот народ подобар; неговата намера била да ги припреми за доаѓањето на Царството од Бог на земјава. Но времето за тоа Царство не било сеуште дојдено, и додека да дојде, Исус го прифатил управувањето од луѓето, сé додека било во согласност со законите од Бог. Еденваков пример е даден во Делата 4:18-20, кога апостолите Петар и Јован одбиле да ја послушаат наредбата од властите и да престанат да проповедаат за Христос.

Владетелите во светот ја имаат својата позиција само затоа што Бог им го дозволува тоа, и сѐ додека му служат за Неговата намера. Луѓето можат да пробаат да го сменат светот на подобро со нивни сопствени напори, или со присоединување на други кои би сакале да го направат тоа, но нема да има вистинска промена сѐ додека Господ Исус не се врати. Вистински Христијанин го прифаќа ова, верувајќи дека Бог ги знае и ги разбира нашите сегашни проблеми, кои единствено можат да бидат решени со доаѓањето на Неговото Царство.

## Социјална состојба

Токму како што Исус никогаш не бил вовлечен во политика, така и следбеникот на Христос ќе одбие да земе активно учество во политиката во својата земја. Тој нема да земе учество во кампањи за донесување на промени, колку и да изгледаат привлечно.

Примерот на Павле може да помогне. Ропството било ужасно социјално зло во негово време. Тој подучувал дека еден Христијанин сопственик на робови треба да се однесува кон своите робови со разбирање, и дека неговите робови Христијани се како браќа. Подеднакво, тој подучувал дека робовите Христијани треба да им служат на нивните господари најдобро што можат, исто како да му служат на Христос (Ефесјаните 6:5-9).

## Да се живее како Христијанин

Запомнете дека Бог на Христијаните им дал посебна работа за извршување. Тоа е привилегија за нив да ја пренесуваат добрата вест на оние кои ќе слушнат. Тие се гласници на тоа царство, и тие го проповедаат враќањето на Господ Исус Христос, кој ќе ги реши проблемите на светот и ќе владее со него во мир и праведност. Сепак, ако тие самите се зафатени со заработување на пари, уживајќи во своите сомнителни занимања, и ги поддржуваат и охрабруваат оние кои не ги почитуваат насоките од Бог, нема да бидат сфатени сериозно од луѓето кои ќе ги слушнат.

Но ако тие пробаат да живеат како Христос и Апостолите, заработувајќи на чесен начин, не навредувајќи никого, му помагаат на кого можат, ширејќи го "Зборот од Бог", почитувајќи ги законите на земјата но во исто време давајќи им приоритет на законити од Бог, тогаш може да има некој кој ќе разбере и ќе се сврти кон Бог.

*"Нека вашата светлина свети пред луѓето, за да можат да ги видат вашите добри дела и да го воздигнуваат вашиот Татко на небесата."* (Матеј 5:16)

## Прашања

18.1 Што можеме да научиме од примерот на Христос за однесувањето на Христијанинот во заедницата во која живее?

18.2 Како треба ветувањата за враќањето на Христос да повлијаат на начинот на кој живееме во заедницата?